СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРОФИЛ 2021

ИНДИКАТОРИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО МИГРАЦИЈАТА

IOM
UN MIGRATION

Мислењата изразени во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат ставовите на Меѓународната организација за миграции (ИОМ). Користените термини и презентирањето на материјалот во рамките на извештајот не подразбираат изразување какво било мислење од страна на ИОМ во однос на правниот статус на која било земја, територија, град или област, или на нејзините власти, или во врска со нејзините граници.

ИОМ му е посветена на принципот дека хуманата и уредна миграција дава позитивни придобивки, како за мигрантите, така и за општеството. Како меѓувладина организација, ИОМ со своите партнери во меѓународната заедница заеднички дејствува со цел: да помогнат во исполнувањето на оперативните предизвици на миграцијата; унапредување на разбирањето на прашањата за миграцијата; поттикнување на социјалниот и економскиот развој преку миграција; и да се почитуваат човечкото достоинство и благосостојбата на мигрантите.

Иако беа преземени напори да се потврди точноста на овие информации, ниту Економист импакт, ниту неговите филијали не може да прифатат никаква одговорност или обврска за потпирање на овие информации од страна на кое било лице.

Издавач: Меѓународна организација за миграции
17 route des Morillons
1211 Женева 19
P.O. Box 17
Швајцарија
Tel.: +41.22.717 91 11
Fax: +41.22.798 61 50
Email: hq@iom.int
Internet: www.iom.int

Истражување и анализа на

ECONOMIST IMPACT

Потребен цитат: Меѓународна организација за миграција (ИОМ), 2021. *Индикатори за управување со миграцијата 2021 – Северна Македонија.* ИОМ. Женева.

© ИОМ 2021

Некои права се задржани. Ова дело е достапно под Creative Commons Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 IGO лиценца (CC BY-NC-ND 3.0 IGO).*

За дополнителни детали, ве молиме погледнете ги авторските права и условите за употреба.

Оваа публикација не треба да се користи, да се објавува ниту повторно да се дистрибуира за комерцијални цели или за стекнување паричен надоместок, со исклучок кога се користи за образовни цели, на пример, употреба во учебници.

Дозвола: Барањата за комерцијална употреба или дополнителни права и лиценцирање треба да се поднесат до publications@iom.int.

* https://creativecommons.org/licenses/by-nc-nd/3.0/igo/legalcode

PUB2021/086/L

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРОФИЛ 2021

ИНДИКАТОРИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО МИГРАЦИЈАТА

IOM
UN MIGRATION

Migration
Multi-Partner
Trust Fund

СОДРЖИНА

ЦЕЛ // 6

ВОВЕД // 7

КОНЦЕПТУАЛНА РАМКА // 9

ГЛАВНИ НАОДИ // 10

КОВИД-19 АНАЛИЗА // 26

ГЛАВНИ ИЗВОРИ // 28

ПРИЛОГ // 32

ЦЕЛ

Индикаторите за управување со миграцијата (ИУМ) имаат за цел да поддржат носење на политики за добро управување со миграцијата со тоа што им помагаат на земјите да ја проценат сеопфатноста на своите структури за управување со миграцијата и да ги идентификуваат приоритетите за во иднина.

ИУМ може да бидат основа за дискусија со институциите, како и со другите релевантни чинители во земјата, во однос на структурите кои ја спроведуваат миграциската политика. Исто така, може да помогнат да се процени дали овие структури, кои најчесто постојат веќе неколку години, сè уште успеваат да ги земат предвид и да се осврнат на главните предизвици и можности на денешната ситуација.

ВОВЕД

Живееме во време на претходно невидена мобилност и сè поголема е потребата да се овозможи уредена, безбедна, редовна и одговорна миграција и мобилност.[1] Таа потреба од решавање на проблемите и извлекување максимум од можностите што ги носи оваа мобилност е потврдена и со вклучување на миграцијата во Агендата за одржлив развој до 2030 година, во која се нагласува позитивниот придонес на мигрантите за инклузивен раст и развој. Миграцијата е интегрирана и во голем број цели за одржлив развој (ЦОР), како, на пример, во целите што се однесуваат на ставање крај на модерното ропство и намалување на ранливоста на работниците мигранти. Меѓутоа, главниот осврт врз миграција во ЦОР е во цел 10.7 – „Обезбедување уредна, безбедна, редовна и одговорна миграција и мобилност на луѓе, вклучително и преку спроведување на планираните и добро управувани миграциски политики“.[2]

Вклучувањето на целта 10.7 во Агендата до 2030 година создаде потреба да се дефинираат „планирани и добро управувани миграциски политики“. Затоа, во 2015 година, Меѓународната организација за миграција (ИОМ) ја изработи Рамката за управување со миграцијата (МиГОФ). Оваа Рамка накратко претставува еден идеален пристап што ѝ овозможува на една држава да утврди што може да ѝ биде потребно за да управува добро со миграцијата на начин кој е соодветен на околностите во конкретната држава.[3] Истата година, рамката беше прифатена од земјите членки на ИОМ.

Со цел МиГОФ да започне со примена, ИОМ работеше со Одделението за анализа на Економист за да се изработат индикатори за управување со миграцијата (ИУМ). Се изработи стандарден пакет од приближно 90 индикатори кои ќе им помогнат на земјите да ги проценат сопствените миграциски политики и да продолжат да размислуваат за тоа како може да изгледа во пракса миграцијата со која добро се управува.

ИУМ им помагаат на земјите да ги идентификуваат добрите практики, како и областите кои понатаму треба да се подобруваат, и може да посочат кои алатки можат да ги искористат државите за да ги подобрат структурите за управување со миграцијата. Сепак, ИУМ земаат предвид дека ситуацијата во сите земји е различна, со различни предизвици и можности во однос на миграцијата. Затоа тие не ги рангираат земјите според изгледот или спроведувањето на миграциските политики. Исто така, ИУМ не ги мерат резултатите од миграциската политика или пак ефективноста на институциите. Наместо тоа, евидентираат кои политики за миграција постојат и даваат рамка со одредници која овозможува да се согледаат стратешките мерки што земјите би можеле да ги земат предвид со цел подобро да управуваат со миграцијата.

Овој профил за земјата содржи краток преглед на добро развиените структури за управување со миграцијата во Северна Македонија, и преглед на областите кај кои е потребно понатамошно подобрување, во согласност со процената подготвена од ИУМ.[4]

[1] Постојана комисија на ИОМ за програмирање и финансии, Седумнаесетта седница (C/17/4 од 29 септември 2015 година), член 2.

[2] Совет на ИОМ, 106 седница, Рамка за управување со миграцијата (C/106/40 од 4 ноември 2015 година), стр. 1, фус. 1. <https://governingbodies.iom.int/system/files/en/council/106/C-106-40-Migration-Governance-Framework.pdf.>

[3] Исто.

[4] Иницијативата ИУМ претставува програма за споредување на политиките, предводена од ИОМ, која се спроведува со поддршка на Одделението за анализа на „Економист“. Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Фондот од повеќе партнери за миграција (Migration Multi-Partner Trust Fund). За содржината на публикацијата одговорна е ИОМ и таа не мора да ги одразува ставовите на Фондот.

КОНЦЕПТУАЛНА РАМКА

Во основата

МиГОФ

МиГОФ на ИОМ утврдува кои елементи се потребни за да се овозможи планирана и добро управувана миграција. Преку рамката, на консолидиран, кохерентен и сеопфатен начин се претставува пакет од три начела и три цели кои, доколку се почитуваат и исполнуваат, ќе овозможат миграцијата да биде хумана и уредна, а придобивките од неа да ги почувствуваат и мигрантите и општеството.

НАЧЕЛА

1. ***Придржување** кон меѓународните стандарди и исполнување на правата на мигрантите.*
2. ***Формулирање** политики со користење докази и учество на целата Влада (пристап на цела Влада).*
3. ***Работење** со партнери за справување со миграцијата и со поврзаните предизвици.*

ЦЕЛИ

1. ***Унапредување** на социо-економската благосостојба на мигрантите и општеството.*
2. ***Ефективно осврнување** на димензиите на мобилност во време на кризи.*
3. ***Обезбедување** нмиграцијата да се одвива на безбеден, уреден и достоинствен начин.*

Кој го поддржува мерењето на

ИУМ

ШТО Е ТОА?

- Збир на индикатори кои укажуваат кои алатки можат да ги користат земјите за да ги зајакнат структурите за управување со миграцијата.
- Алатка која ги идентификува добрите практики и области во кои се потребни подобрувања.
- Консултативен процес кој ја унапредува дискусијата за управување со миграцијата со тоа што покажува како може да изгледа „добро управувана миграција“ во согласност со целта за одржлив развој 10.7.

ШТО НЕ Е

- Не е рангирање на земји.
- Не ги оценува влијанијата на политиките.
- Не кажува што треба да се прави.

SUSTAINABLE DEVELOPMENT GOALS

10 REDUCE INEQUALITIES

ЦЕЛ 10.7

*„Обезбедување уредна, безбедна, редовна и одговорна миграција и мобилност на луѓе, вклучително и преку спроведување на планираните **и добро управувани политики за миграција**.“*

ГЛАВНИ НАОДИ

ИУМ содржи околу 90 индикатори групирани под шест различни подрачја за управување со миграцијата, кои се потпираат на следните категории од МиГОФ.

ПРАВА НА МИГРАНТИТЕ
СТРАНИЦА 12

Индикаторите во оваа област го анализираат степенот до кој мигрантите имаат пристап до одредени социјални услуги како што се здравство, образование и социјална сигурност. Исто така, се анализираат можностите за обединување на семејството, пристапот до работа и пристапот до дозвола за престој и државјанство. Се земаат предвид и меѓународните конвенции кои ги потпишала и ратификувала државата.

ВКЛУЧЕНОСТ НА ЦЕЛАТА ВЛАДА
СТРАНИЦА 15

Индикаторите во оваа област ги оценуваат институционалната, правната и регулаторната рамка на земјата во однос на миграциската политика. Во овој дел се утврдува дали постојат национални стратегии за миграција кои се во согласност со развојните цели и развојните активности во други земји, како и дали постојат транспарентност и кохерентност на институциите во однос на управувањето со миграцијата.

ПАРТНЕРСТВА
СТРАНИЦА 17

Во оваа категорија се анализира соработката на државата со други држави и со релевантни невладини чинители, меѓу кои и со граѓанските организации и приватниот сектор за прашања поврзани со миграцијата.

БЛАГОСОСТОЈБА НА МИГРАНТИТЕ
СТРАНИЦА 19

Индикаторите во оваа област ги оценуваат политиките на земјата за признавање на образовните и стручни квалификации на мигрантите, одредбите што ја регулираат миграцијата на студентите и дали постојат билатерални договори за социјално осигурување меѓу земјите. Во оваа категорија се разгледува и колку е вклучена дијаспората во земјата на потекло и дознаките од странство на мигрантите.

МОБИЛНОСТА ЗА ВРЕМЕ НА КРИЗИ
СТРАНИЦА 21

Во оваа категорија се разгледуваат видот и нивото на подготвеност на земјите кога се соочуваат со мобилност за време на кризи. Со прашањата се анализираат постапките што постојат за државјани и за лица кои не се државјани на земјата, и за време и по катастрофи, меѓу другото и дали хуманитарната помош е еднакво достапна за мигрантите како и за граѓаните.

БЕЗБЕДНА, УРЕДНА И РЕДОВНА МИГРАЦИЈА
СТРАНИЦА 23

Индикаторите во оваа област утврдуваат како пристапува земјата при управување со миграцијата, и тоа во однос на граничната контрола и политиките за спроведување на законите, критериумите за прием на мигранти, подготвеноста и отпорноста во случај на поголеми и неочекувани миграциски текови, како и во однос на спречување на трговијата со луѓе.

1 ПРИДРЖУВАЊЕ КОН МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ И ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА МИГРАНТИТЕ

1.1. Ратификувани меѓународни конвенции

Табела 1. Потпишани и ратификувани меѓународни конвенции

Име на конвенција	Ратификација (година)
Конвенција на Меѓународната организација на трудот (МОТ) за миграција за вработување (ревидирана), 1949 година (бр. 97)	**Да (1991)**
Конвенција на Обединетите нации за статусот на бегалците (т.н. Женевска конвенција), 1951 година	**Да (1994)**
Конвенции на Обединетите нации за бездржавјанство, 1954 и 1961 година	**Да (1994, 2020)**
Конвенција на МОТ за работници мигранти (дополнителни одредби), 1975 година (бр. 143)	**Да (1991)**
Конвенција за правата на детето (КПД), 1989 година	**Да (1993)**
Меѓународна конвенција за заштита на правата на сите работници мигранти и членови на нивните семејства (МКЗПРМ), 1990 година	**Не**
Протокол на Обединетите нации за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца и Протокол против криумчарење мигранти по копно, море и воздух, дополнување на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационален организиран криминал, 2000 година	**Да (2005)**

1.2. Управување со миграција: примери за добро развиени области

Мигрантите имаат еднаков пристап до основно образование како и граѓаните. Согласно Законот за основно образование (2019), секое дете има право на „бесплатно и квалитетно образование“ и се забранува дискриминација врз основа на „пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, сексуална ориентација, полов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верување, политичко убедување, други уверувања, возраст, брачен статус, имотна состојба, здравствена состојба, социјален статус или по која било друга основа“. За прием во основно училиште лицето мора да обезбеди доказ за имунизација[5] – ова важи и за државјаните и за странците, без оглед на нивниот статус. Законот за меѓународна и привремена заштита (2018) им дава право на барателите на азил да посетуваат основно и средно образование во согласност со Законот за образование, и тоа „до донесувањето на конечната одлука во однос на нивниот статус“. Законот за социјална заштита предвидува дека институцијата во која престојува барателот на азил е одговорна за обезбедување пристап до образование. За деца мигранти без

[5] Имунизацијата ги вклучува сите видови задолжителни вакцини за новороденчиња, деца и возрасни според годишната владина програма за задолжителна имунизација на населението во Северна Македонија (2021 година).

статус на бегалец или кои не се под супсидијарна заштита, се организира неформално образование во прифатниот центар во кој се сместени.[6]

Според Законот за средно образование (1995), „странските државјани и лица без државјанство можат да стекнат средно образование, на начини и под услови наведени со овој закон“, без дополнителни објаснувања.[7] Законот забранува дискриминација врз основа на „пол, раса, боја на кожа, национално и социјално потекло, политички и верски убедувања, имот и социјален статус“ и наведува дека странците и лицата без државјанство имаат право „да бараат нострификација или признавање на еквивалентност на сертификат добиен во странство“.[8]

Мигрантите, без оглед на мигрантскиот статус, имаат еднаков пристап како граѓаните до системот за социјална заштита, додека само работниците мигранти можат да пристапат до системот за пензиско осигурување. Законот за социјална заштита (2019) им гарантира право на социјална заштита на следните категории мигранти: лица без постојано живеалиште во земјата, странци со регулиран престој, баратели на азил, лица под супсидијарна заштита и лица со статус на бегалец.[9] Член 14 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување (2012) им овозможува на „странски државјани и на лица без државјанство“[10] задолжително пензиско и инвалидско осигурување, но само ако се „(само)вработени или во служба на странски физички и правни лица, меѓународни организации и институции, или странски дипломатски и конзуларни претставништва“.[11]

На интернет-страницата на Министерството за труд и социјална политика наведени се меѓународните договори за социјално осигурување потпишани меѓу Северна Македонија и 21 држава.[12] Владата ги презеде и договорите потпишани меѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија[13] и Франција (1951), Обединетото Кралство (1958), Италија (1961), Норвешка (1976) и Шведска (1979), кои предвидуваат меѓусебно здравствено осигурување, социјално осигурување, пензии, надоместок за невработеност, надоместок за попреченост, детски додаток и други социјални надоместоци.

Сите мигранти имаат право на обединување со семејството. Законот за странци (2018) ги наведува условите за добивање дозвола за престој, вклучително и заради обединување на семејството, доколку лицето има доказ за здравствено осигурување и домување или доволно средства за сместување. Барањата треба да се поднесат или до Министерството за внатрешни работи (ако мигрантот е веќе во Северна Македонија) или до дипломатско-конзуларното претставништво на Северна Македонија во земјата на потекло.

Законот за државјанство (1992)[14] предвидува странските државјани да добијат право на државјанство по осум години континуиран престој во земјата. Едно лице може да се стекне со македонско државјанство доколку е без државјанство или ако се откаже од претходното државјанство пред

[6] Кога мигрантите со илегален статус пристигнуваат во Северна Македонија, им се обезбедува сместување во прифатните центри и им се даваат првични информации на повеќе јазици.

[7] Законот за средно образование беше изменет во 2016 година.

[8] Нострификацијата е процес на признавање академска квалификација добиена на странски универзитет.

[9] Социјалната заштита, како што е дефинирана во Законот за социјална заштита (2019), предвидува парична помош (гарантирана минимална помош, надоместок за попреченост, надоместок за помош и грижа за друго лице, надоместок на плата за скратено работно време, додаток за домување, траен надоместок и еднократна парична помош). Социјалната заштита вклучува и социјални услуги (услуги на информирање и упатување, услуги на стручна помош и поддршка, услуги на советување, услуги во домот, услуги во заедницата, живеење со поддршка, услуги за згрижување во семејство и сместување во установа).

[10] Според правната дефиниција, „лице без државјанство е лице кое не е државјанин на ниту една држава согласно нејзините закони“. Во пракса, член 14 од Законот често не може да се спроведе поради тоа што лицата немаат документи за идентификација кои се потребни за пристап до осигурување

[11] Законот за пензиско и инвалидско осигурување беше изменет во 2020 година.

[12] Договори се склучени со следните земји: Хрватска (1997), Австрија (1998), Турција (2000), Словенија (2001), Швајцарија (2001), Бугарија (2003), Германија (2005), Босна и Херцеговина (2006), Чешка (2007), Холандија (2007), Полска (2007), Романија (2008), Луксембург (2009), Белгија (2009), Канада (2011), Австралија (2011), Црна Гора (2011), Косово (2013) (Види фуснота 21), Унгарија (2015), Словачка (2015) и Албанија (2016).

[13] Социјалистичка Федеративна Република Југославија повеќе не постои, но на официјалната веб-страница сè уште стојат договорите склучени во рамките на „Конвенциите за социјално осигурување, кои Република Северна Македонија ги презеде од поранешната СФРЈ“.

[14] Законот за државјанство на Република Северна Македонија беше изменет во 2016 година.

или кратко време по стекнувањето на македонско државјанство. Странците, исто така, може да се натурализираат откако најмалку три години биле во брак со државјанин и законски, во континуитет, престојувале една година во земјата.

1.3. Области во кои е потребно понатамошно подобрување

Пристапот на мигрантите до здравствена заштита зависи од нивниот мигрантски статус. Барателите на азил, бегалците и мигрантите во прифатните центри, како и мигрантите со нерегуларен статус, имаат еднаков пристап до здравствена заштита како и државјаните, додека редовните работници мигранти добиваат здравствено осигурување кое го обезбедуваат работодавците или пак се обезбедува во согласност со билатералните договори со соодветните земји од кои потекнуваат работниците. Законот за здравствено осигурување (2000) предвидува дека лицата кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување можат да се претплатат на друго доброволно здравствено осигурување. Покрај тоа, Законот за странци предвидува дека, за да може странец да добие дозвола за привремен престој, неопходен е доказ за здравствено осигурување.

Законот за вработување и работа на странци (2015) наведува дека постојат два вида работни дозволи: една за неопределено време и друга со важност до една година. Дозвола за привремена работа може да се издаде на мигранти кои поседуваат дозвола за привремен престој, додека дозвола за работа на неопределено време може да се издаде на мигрант кој поседува дозвола за постојан престој. Работна дозвола не може да се издаде на мигрант кој не поседува дозвола за престој.[15] И двата вида работни дозволи се поврзани со конкретна работа; ако се смени работното место, неопходна е нова работна дозвола.

Само определени категории мигранти можат да аплицираат за дозвола за постојан престој. Законот за странци наведува дека дозвола за постојан престој ќе му се издаде на странец кој поседува дозвола за привремен престој, кој престојува непрекинато во Северна Македонија најмалку пет години пред поднесувањето на барањето за постојан престој. Условот е да не престојувал надвор од Северна Македонија шест месеци во континуитет или вкупно повеќе од десет месеци. Законот дополнително бара од странците да обезбедат доказ дека имаат стабилен и редовен извор на приходи, здравствено осигурување, дом или доволно средства за домување и дека немаат криминално досие во петте години пред поднесување на барањето. Според член 129, мигрантите кои поседуваат дозволи за привремен престој издадени за студирање, за специјализација или професионален развој, за научно истражување, за лекување, од хуманитарни причини и привремена заштита не смеат да аплицираат за дозвола за постојан престој.

Северна Македонија има политики за спречување дискриминација, но нема конкретни рамки фокусирани на злосторства од омраза, насилство, ксенофобија или дискриминација против мигрантите. Законот за спречување и заштита од дискриминација (2019), како и Националната стратегија за еднаквост и недискриминација (2016), не содржат конкретни одредби за мигрантите. Понатаму, од септември 2021 година, една од активностите во Предлог-стратегијата за интеграција на бегалци и странци 2017 – 2027 година е „Овозможување еднаков пристап до домување со цел поттикнување социјална интеграција и заштита од дискриминација“.

[15] Привремена работна дозвола може да им се издаде, исто така, на членовите на потесното семејство на мигрант кој поседува или привремена работна дозвола или работна дозвола на неопределено време, како и на лица со статус на бегалец и лица под привремена или супсидијарна заштита.

2 ФОРМУЛИРАЊЕ ПОЛИТИКИ СО КОРИСТЕЊЕ ДОКАЗИ И ПРИСТАП ВО КОЈ УЧЕСТВУВА ЦЕЛАТА ВЛАДА (ПРИСТАП НА ЦЕЛА ВЛАДА)

2.1. Управување со миграција: примери за добро развиени области

Според Законот за странци (2018), Министерството за внатрешни работи е надлежно за следење на движењето и престојот на странците во Северна Македонија. Одделот за гранични работи и миграции при Министерството за внатрешни работи е одговорен за имиграција. Неговите надлежности вклучуваат меѓународна соработка и соработка со други државни институции и агенции кои се дел од Интегрираниот систем за гранично управување;[16] решавање на прекугранични спорови со соседните земји; регулирање на престојот и реадмисијата на странци и прием на странци во прифатните центри.

Имиграцијата е регулирана со неколку законски и стратешки акти. Централниот стратешки документ за миграција е Резолуцијата за миграциската политика, која ја усвојува Владата и ја носи Собранието на Северна Македонија на секои шест години.[17] Усвојувањето на Резолуцијата е обврска утврдена во Законот за странци. Најновата Резолуција за миграциската политика (2015–2020) ги наведува „условите, предизвиците и мерките што треба да се преземат во однос на миграцијата“. Во јуни 2021 година се изработи нова Резолуција за миграциска политика (2021–2025), која од септември 2021 е во процес на усвојување од Парламентот.

Агенцијата за иселеништво објавува информации за стекнување државјанство и совети за патување во странство, а исто така објави и *Прирачник со корисни информации за иселениците од Македонија*, во кој им обезбедува на своите граѓани во странство практични информации за државјанството, личната документација, правата и одговорностите, како и правата за пензиско и инвалидско осигурување во земјите во кои престојуваат.

Министерството за надворешни работи обезбедува онлајн информации за визниот режим, условите и постапките за имиграција во Северна Македонија. Законите кои ја регулираат имиграција се достапни на веб-страницата на секое надлежно министерство. Тие се достапни само на македонски и албански јазик, но веб-страницата на Министерството за внатрешни работи содржи англиски превод на Законот за странци.

Северна Македонија, покрај со пописот, собира и анализира дополнителни податоци за миграцијата. На пример, Министерството за внатрешни работи периодично собира и објавува податоци за редовни и илегалните влезови и излези на странци преку границите на земјата.[18] Понатаму, согласно Законот за странци, Министерството за внатрешни работи одржува „интегрирана база на податоци за странци, вклучувајќи податоци за азил, миграција и визи“, но овие податоци не се достапни за јавноста. МАКстат на Државниот завод за статистика одржува база на податоци што ги содржи следните расчленети информации за миграцијата: број на имигранти од други земји по пол, возраст и регион и број на лица кои емигрирале во други земји по пол, возраст и регион. Податоците од 2005 година до денес се јавно достапни за секоја година, со исклучок на 2020 година (состојба во септември 2021 година).

[16] Интегрираниот систем за гранично управување има цел да ја зајакне соработката меѓу различни владини тела и институции со надлежности во интегрирано гранично управување заради ефикасна гранична контрола, зголемен проток на луѓе, стоки и капитал и намалени безбедносни ризици, особено во однос на нерегуларната миграција и прекуграничниот криминал.

[17] Собранието на Северна Македонија е еднодомен законодавен дом на државата.

[18] Податоците за илегалната миграција се објавени за периодот 2010–2017 година, додека информациите за редовните и илегалните влезови на странци се наведени за периодот 2017–2018 година.

Земјата има институции задолжени да ги координираат напорите за комуникација со своето население од дијаспората. Според Законот за организација и работа на органите на државната управа (2000), Агенцијата за иселништво е одговорна да ги одржува и подобрува културните врски со дијаспората и организациите на дијаспората, да го олесни враќањето на емигрантите и да ја поттикне вклученоста и учеството на дијаспората во јавниот и економскиот живот на земјата.[19] Дополнително, за дијаспората беше задолжен и министер без ресор.[20] Министерот и неговиот кабинет ја изработија Националната стратегија за соработка со дијаспората (2019) и соодветниот Акциски план (2019–2023). Од 2020 година, прашањата за дијаспората се под надлежност на Министерството за надворешни работи.

2.2. Области во кои е потребно понатамошно подобрување

Во 2008 и 2014 година беше формирана Меѓуминистерска работна група за миграциска политика, во која членуваат претставници од голем број институции и меѓународни организации, и која ја изработи Резолуцијата за миграциска политика. Таа ја подготви првата Резолуција за 2009–2014 година, како и следната Резолуција за миграциска политика (2015–2020). Во март 2020 година беше формирана нова Меѓуминистерска работна група за миграциска политика заради подготвување на Резолуцијата за миграциска политика 2021–2025 година. Инаку, нова работна група се формира секогаш кога треба да се изготви резолуција, па оваа работна група има ограничена надлежност за следење на спроведувањето на Резолуцијата за миграциска политика.

[19] Законот за организација и работа на органите на државната управа беше изменет во 2019 година.

[20] Назначувањето на министер без ресор е вообичаено во Северна Македонија, иако во сегашната владина структура (заклучно со септември 2021 година) нема министри без ресор.

3 СОРАБОТКА СО ПАРТНЕРИ ВО ОДНОС НА МИГРАЦИЈАТА И ПОВРЗАНИТЕ ОБЛАСТИ

3.1. Управување со миграција: примери за добро развиени области

Северна Македонија учествува во Регионалната иницијатива за миграција, азил, бегалци (МАРРИ), регионален консултативен процес со мандат да „промовира поблиска регионална соработка и заеднички, сеопфатен и усогласен пристап во однос на миграцијата, азилот, граничната контрола, трговијата со луѓе, визниот режим и интеграција и враќање на бегалците“, во која учествуваат Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Црна Гора, Србија и Косово.[21] Земјата, исто така, учествува во Прашкиот процес кој има за цел „зајакнување на соработката во управувањето со миграцијата и истражување и развивање на договорени принципи и елементи за блиски партнерства за миграција меѓу земјите учеснички“, имено од Европската Унија, Шенген-зоната, Источното партнерство, Западен Балкан, Централна Азија, Руската Федерација и Турција. Понатаму, Северна Македонија учествува во Будимпештанскиот процес, меѓурегионален форум за миграција за регионите Европа и Азија, замислен како „алатка за споделување информации меѓу европските земји пред проширувањето на ЕУ и форум за подобрување на управувањето со миграцијата“.

Како земја членка на Советот за регионална соработка (СРС), Северна Македонија учествува во преговорите за Договорот за признавање професионални квалификации на доктори по медицина, стоматолози, архитекти и градежни инженери. Целта на Советот за регионална соработка е да ја промовира регионалната мобилност на работната сила меѓу земјите членки од Југоисточна Европа, меѓу кои е и Северна Македонија.

Северна Македонија има потпишано меморандуми за соработка/разбирање и декларации за намера за соработка во областа на работното право и социјалната политика со: Белгија (2013), Бугарија (2014), Естонија (2014), Хрватска (2015), Чешка (2015), Црна Гора (2015), Руска Федерација (2016), Кина (2017) и Австрија (2019). Исто така, има потпишано меморандум за соработка со Европскиот центар за социјална политика и истражување (2016). Овие договори се однесуваат и на вработување државјани на Северна Македонија во странство и на вработување мигранти во Северна Македонија. Северна Македонија, исто така, потпиша меморандуми за разбирање со Австрија, Унгарија и Србија (2015), „посветени на чекорите неопходни за спречување на вонредниот притисок на мешаната миграција со кои се соочуваат земјите“. Меморандумите за соработка со Бугарија се однесуваат на мигрантите и од Северна Македонија и од Бугарија и имаат за цел „усогласување на работното право, мирно решавање на конфликти, заштита на правата на работниците, учество на работниците во деловното управување, размена на искуства со сезонска работа и политики за спречување на непријавена работа, вработување на младите и размена на искуства и експерти во областа на работната миграција и интеграцијата на имигрантите“. Меморандумот за соработка со Естонија се однесува на „политика за работни односи и вработување, справување со сиромаштија и социјална исклученост, заштита на правата на децата, системот на социјална сигурност, прашања поврзани со пристапувањето на [Северна] Македонија во ЕУ, трговијата со луѓе, слободно движење на работници“. Меморандумот ги опфаќа мигрантите во двете земји.

Во 2003 година Северна Македонија потпиша билатерални договори за соработка со Бугарија и Словенија, во кои има одредби за пазарот на труд, пензиското и инвалидското осигурување и социјалниот дијалог и инклузијата. Договорот со Турција потпишан во 2013 година се однесува на правата за вработување, искоренување на детскиот труд, здравје и безбедност на работното место, трудова инспекција, политиките за вработување и следење на развојот на пазарот на трудот.

[21] Референциите за Косово се подразбираат во контекст на Резолуцијата 1244 (1999) на Советот за безбедност на Обединетите нации.

Воспоставени се и други билатерални договори за трудови прашања, и тоа со Германија (2003), Канада (2010) и Катар (2011), кои се однесуваат на работниците во голем број сектори.

3.2. Области во кои е потребно понатамошно подобрување

Северна Македонија само делумно ги вклучува граѓанските организации во изработката и спроведувањето на миграциската политика. Кабинетот на премиерот пратил покана до Црвениот крст на Република Северна Македонија да присуствува на состаноците на Меѓуминистерското тело за изработка на новата миграциска политика 2021–2025 година. Меѓутоа, ниту една граѓанска организација официјално не е членка на оваа меѓуминистерска работна група. Покрај тоа, Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија 2017–2020 година го наведува „учеството на граѓанскиот сектор“ како еден од нејзините водечки принципи. Македонското здружение на млади правници и граѓанските организации Отворена порта/Ла страда се членови на мобилните тимови за идентификација, упатување и помош на жртвите и на потенцијалните жртви на трговија со луѓе.

Северна Македонија е кандидат за членство во ЕУ од 2005 година[22] и иако пристапните преговори официјално беа одобрени во 2020 година, тие сè уште не се започнати (состојба во септември 2021 година). Во 2009 година Советот на министри за внатрешни работи и правда на ЕУ ги укина визните барања за Северна Македонија.

Северна Македонија ја ангажира дијаспората само во ад хок ситуации. Меѓутоа, Националната стратегија за соработка со дијаспората (2019) и соодветниот акциски план (2019–2023) истакнуваат дека е потребно да се зајакне соработката со дијаспората и посочуваат четири главни столба: i) политички, правни и конзуларни прашања, ii) дијаспората и економскиот развој, iii) образование, наука и млади, и iv) културни врски, идентитет и наследство. Претставници од организациите од дијаспората, како Обединетата македонска дијаспора (со седиште во САД), Форумот за демократска Македонија и други, учествуваа во работната група за развој на Националната стратегија за соработка со дијаспората.

Нема докази дека Северна Македонија формално го вклучува приватниот сектор во прашања поврзани со миграцијата. Ниту претставници на Сојузот на стопански комори ниту други претставници од приватниот сектор не се дел од Меѓуминистерската работна група за миграција, иако во Резолуцијата за миграциска политика 2015–2020 година се наведува дека нејзината успешна имплементација зависи од „партнерството со земјите на потекло и дестинација, со регионални и меѓународни организации, невладини и други граѓански организации, приватниот сектор и други релевантни засегнати страни“.

[22] Држава кандидат за членство е држава со која ЕУ води преговори со цел да се утврди нејзината способност да го применува законодавството на ЕУ.

4 УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА БЛАГОСОСТОЈБА НА МИГРАНТИТЕ И ОПШТЕСТВОТО

4.1. Управување со миграција: примери за добро развиени области

Иако трудовото законодавство не содржи конкретни одредби кои поттикнуваат етичко ангажирање на работници мигранти, такви одредби има во поспецификичното законодавство и во билатералните договори кои се потпишани со други држави. Во согласност со Законот за приватни агенции за вработување (2018), работодавците кои сакаат да ангажираат работници мигранти или државјани за работа во земјата или во странство, вклучително и за сезонска работа, имаат обврска да обезбедат исто ниво на заштита на здравјето и безбедноста на мигрантот работник како и за работниците државјани на Северна Македонија.[23] Истиот закон, исто така, бара работодавците што испраќаат државјани на работа во странство да предвидат во договорот за вработување мерки за заштита во случај да се раскине договорот за работа. Ваквите услови се дополнително предвидени во конкретни билатерални договори меѓу Северна Македонија и други земји, како што е, на пример, билатералниот договор со Бугарија (2003).

Понатаму, Законот за работни односи (2005) наведува дека одредбите од релевантните закони кои го регулираат работното време, дневниот и годишниот одмор, ноќните смени, минималниот годишен одмор, минималната плата, заштитата при работа и специјалната заштита за работниците, исто така, важат и за привремените работници мигранти во Северна Македонија.[24] Во согласност со ова, Законот за вработување и работа на странци (2015) вели дека „работодавецот е должен да му ги обезбеди на странецот кој го вработил минималните права во однос на работното време, паузите и периодите на одмор, ноќна работа, минимален годишен одмор, плати, здравје и безбедност при работа“.

Северна Македонија учествува во меѓународни системи за заедничка рамка за квалификација, имено, во Европската рамка за квалификации (ЕРК). ЕРК служи како алатка за преведување на квалификациите од различни национални рамки и ги опфаќа сите видови и нивоа на квалификација.

4.2. Области во кои е потребно понатамошно подобрување

Според Законот за вработување и работа на странци (2015), Владата одредува годишна квота на работни дозволи со цел ограничување на бројот на странци на пазарот на трудот. Оваа квота не смее да надмине 5 % од бројот на законски вработени граѓани на Северна Македонија. Законот наведува дека приоритет за добивање работни дозволи имаат странци со образование и експертиза во области во кои има недостиг на работници на локално ниво. Поставени се квоти за специфични образовни нивоа и вештини. Според Уредбата за утврдување на квота на работни дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територијата на Република Македонија, за 2016 година доделени се 300 дозволи за работа на лица со „петто или повисоко ниво на образование“, а 450 дозволи на лица со „второ до четврто ниво на образование“.

Иако се собираат податоци за пазарот на трудот и за трудовата миграција, нема докази дека се направени студии за побарувачката за работници мигранти или за ефектите од иселувањето врз пазарот на трудот. Агенцијата за вработување[25] спроведува годишно истражување на вештините што се бараат на пазарот на трудот во Северна Македонија и ги објавува резултатите; најновото истражување и резултати се однесуваат на 2020 година. Објавените резултати ја покажуваат

[23] Законот за приватни агенции за вработување беше изменет во 2020 година.
[24] Законот за работни односи беше изменет во 2020 година.
[25] Агенцијата за вработување е јавна институција и не потпаѓа под Министерството за труд и социјална политика.

побарувачката за работници по регион и по ниво на образование. Тие содржат список на професии што се бараат, но не ги споменуваат конкретно работниците мигранти.

Постојат ограничени мерки за заштита на правата на граѓаните на Северна Македонија во странство. Согласно Законот за упатување работници од Република Македонија во други држави за изведување на градежни работи преку проектни договори и за вршење на други сезонски работи (2012), вработувањето на македонски државјани во странство се одвива под услови утврдени со договори со други земји. За да вработи македонски работници, градежната компанија треба да исполни одредени услови во однос на нејзината големина, финансиски резултати и техничка подготвеност.

5 ЕФЕКТИВНО ОСВРНУВАЊЕ НА МОБИЛНОСТА ВО ВРЕМЕ НА КРИЗИ

5.1. Управување со миграција: примери за добро развиени области

Центарот за управување со кризи (ЦУК), основан согласно Законот за управување со кризи (2005), има задача „да обезбеди континуитет во меѓусекторската и меѓународната соработка, консултации и координација на кризниот менаџмент; да подготвува и да ја ажурира единствената проценка на ризиците и опасностите за безбедноста на земјата; да предлага мерки и активности за решавање на кризна состојба; и да извршува други активности утврдени со закон“.

Покрај тоа, Дирекцијата за заштита и спасување, формирана под Министерството за одбрана, спроведува „активности за заштита и спасување од природни и други катастрофи“. Министерството за труд и социјална политика (МТСП) има повеќе надлежности поврзани со справување со масовниот прилив на мигранти, како што се приемот, сместувањето и обезбедувањето на основните потреби (храна, облека и хигиенски средства) и нивна поддршка. Преку социјални работници, МТСП спроведува теренски интервјуа со мигрантите и обезбедува посебна помош за малолетници без придружба и други ранливи категории, а меѓу другото, обезбедува и образовна и психосоцијална поддршка.

Во 2019 година, Центарот за управување со кризи ја објави најновата Национална платформа на Северна Македонија за намалување на ризикот од катастрофи, во која се согледани и потребите и ранливоста на мигрантите, барателите на азил и бегалците. Платформата повикува на воспоставување институционална рамка за заштита на мигрантите, но не содржи никакви конкретни мерки за нивна помош.

Подготвен е план за управување со големите движења на населението. Стандардните оперативни процедури за комуникација, координација и соработка меѓу субјектите во системот за контрола за време на кризна состојба (2016), изработени од Центарот за управување со кризи, содржат процедурални насоки за институциите за размена на информации меѓу надлежните институции, како и мерки за зајакнување на граничната контрола. Точка 16 од стандардните оперативни процедури се однесува на обезбедување помош за мигранти во ситуација на масивен прилив на мигранти и бегалци. Согласно оваа точка, при масовен прилив на мигранти, од субјектите на системот за контрола, пред сè од Министерството за труд и социјална политика и од Дирекцијата за заштита и спасување, се бара да им обезбедат на мигрантите и бегалците засолниште, храна и други производи; да се погрижат за одржување на сите суштински инфраструктурни услови во прифатните центри и во други простори определени за мигранти; да им обезбедат информации и да го олеснат транзитот на мигрантите низ Северна Македонија, а посебно да внимаваат на ранливите групи.

Северна Македонија има воспоставено системи за комуникација со јавноста со цел јавноста да добива информации за развојот на кризите. Центарот за управување со кризи, основан со цел подготовка и реакција на катастрофи согласно Законот за управување со кризи од 2005 година, воспостави канали за комуникација со јавноста како што се: телефонски број за вонредни состојби, профил на Твитер на кој се објавуваат предупредувања за вонредни состојби во земјата и во регионот категоризирани по ниво на итност, како и веб-страница на која се објавуваат гореспоменатите предупредувања, но и други релевантни информации. Стандардните оперативни процедури за комуникација, координација и соработка меѓу субјектите во системот за контрола за време на кризна ситуација од 2016 година, му задаваат на Центарот за управување со кризи улога на координатор на активностите на сите учесници во системот за управување со кризи, кој обезбедува информации до населението преку медиумите и го организира и активира системот за предупредување на населението.

5.2. Области во кои е потребно понатамошно подобрување

Не постојат формални мерки за помош на државјаните што живеат во странство за време на кризи, но земјата, по потреба, спроведува ад хок мерки. Министерството за надворешни работи формира Кризен штаб за време на кризни состојби, кој потоа ја координира поддршката и помошта за државјаните во странство. На пример, за време на пандемијата со ковид-19, Министерството за надворешни работи отвори четири телефонски линии за државјани кои живеат во странство, со кои управуваше Кризниот штаб на Министерството за надворешни работи.

Нема докази дека на каналите за комуникација во кризни состојби се земаат предвид јазичните потреби на мигрантите. Центарот за управување со кризи издава предупредувања само на македонски јазик.

Согласно Законот за меѓународна и привремена заштита, само за бегалци и баратели на азил може да се применат мерки со кои може да се направат исклучоци од стандардните процедури за имиграција на мигранти од земји на потекло кои се во криза.

Националната стратегија за развој на Северна Македонија не содржи конкретни одредби за реинтеграција на државјани и мигранти кои се враќаат по криза. Стратегијата за интеграција на бегалци и странци 2008 – 2015 (2008)[26] не ги споменува мигрантите што се враќаат по криза. Ова е поврзано со немањето договори за враќање и реинтеграција со земјите на потекло.

[26] Предлог-стратегијата за интеграција на бегалци и странци 2017–2027 година во септември 2021 година сè уште не беше донесена.

6 ОБЕЗБЕДУВАЊЕ МИГРАЦИЈАТА ДА СЕ ОДВИВА НА БЕЗБЕДЕН, УРЕДЕН И ДОСТОИНСТВЕН НАЧИН

6.1. Управување со миграција: примери за добро развиени области

Согласно Законот за гранична контрола (2010), Министерството за внатрешни работи е надлежно за граничната контрола.[27] Одделот за гранични работи и миграција на Министерството работи во соработка со Граничната полиција. Граничната полиција има надлежност да врши гранични проверки, надзор и контрола на илегалната миграција, на илегалното преминување на државната граница и престој на територијата на земјата и да открива и спречува прекуграничен криминал. Националниот координативен центар за интегрирано гранично управување е одговорен за „координирање на активностите и олеснување на размената на податоци и информации меѓу државните органи кои имаат надлежности во управувањето со границата и интегрирање на граничната контрола“.

Граничната полиција добива редовна обука организирана и од државните и од меѓународни организации. Центарот за обука на Министерството за внатрешни работи обучува нови полициски службеници, главно за гранични проверки, граничен криминал и откривање на фалсификувани документи. Покрај ова, постојат периодични „обуки на обучувачи“ на истите теми кои ги држат надворешни изведувачи, од кои последната беше спроведена од обучувачи од Словенија, во февруари 2020 година. Дополнително, од 2018 година, граничната агенција на ЕУ, Фронтекс, обезбедува редовни обуки и курсеви за вработените на границите на Северна Македонија, а ИОМ обучи 300 гранични службеници за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти.[28] Покрај тоа, соодветно на утврденото во Акцискиот план кон Националната стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција (2017–2020), трудовите инспектори од Државниот инспекторат за труд беа обучени, претежно со поддршка на Советот на Европа, за откривање, спречување и борба против трговијата со луѓе заради трудова експлоатација.

Новата Национална стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Северна Македонија (2021–2025) беше одобрена од Владата во април 2021 година. Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција е одговорна и за подготовка и за спроведувањето на Стратегијата. Во 2015 година воспоставена е и позицијата Национален известувач за трговија со луѓе. Националниот известувач е одговорен за надгледување на целокупните активности против трговијата со луѓе и собирање и анализирање податоци. Објавува годишни извештаи кои содржат статистички податоци за трговијата со луѓе, поконкретно: број на жртви на трговија со луѓе расчленети по националност и возраст; број на лица сместени во Центарот за жртви на трговија со луѓе управуван од Министерството за труд и социјална политика; и број на кривични пријави и пресуди против сторителите, како и информации за обезбедување правна и други видови помош за жртвите.

Северна Македонија има формални договори за соработка со други земји со цел спречување на криумчарењето мигранти. Постои редовна размена на информации и соработка меѓу работната група во Министерството за внатрешни работи и други земји за спроведување ефективни мерки за борба против криумчарењето мигранти и организираниот криминал. Северна Македонија е еден од основачите на Регионалната иницијатива за миграција, азил, бегалци (МАРРИ), заедно со Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и Косово.[21] Од јули 2019 година, МАРРИ, во партнерство со Германската агенција за меѓународна соработка (Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit GmbH, GIZ), го спроведува Регионалниот проект за спречување и

[27] Законот за гранична контрола беше изменет во 2018 година.

[28] Овие обуки на ИОМ за борба против трговија со луѓе и криумчарење мигранти беа спроведени од јануари 2018 до декември 2019 година.

борба против трговијата со луѓе во земјите од Западен Балкан. Проектот ќе се спроведува во период од 3,5 години, до декември 2022 година. Неговата цел е „да ги подобри основните услови и да им овозможи на Владата и на граѓанските организации да спречат трговија со луѓе и да обезбедат поддршка за жртвите“. Освен тоа, во 2019 година, Северна Македонија и Србија потпишаа договор „за соработка во борбата против криумчарење мигранти“.

Воспоставени се процедури за идентификација, помош и упатување на мигрантите во ризик. Засегнатите институции ги следат упатствата содржани во Стандардните оперативни процедури за постапување со непридружувани деца – странци (2015) и Стандардните оперативни процедури за постапување со ранливи категории лица странци (2016).

Стандардните оперативни процедури за постапување со непридружувани деца – странци (2015) содржат насоки за процедурите во релевантните институции за идентификација и упатување на непридружувани деца мигранти.[29] Идентификацијата во овој контекст подразбира чекори што треба да се преземат доколку некоја институција или организација дојде во контакт со непридружувано дете мигрант, како и чекори што треба да се преземат по првичниот контакт со цел да се утврди националноста на детето, земјата на потекло, кој јазик го разбира, семејниот статус и други карактеристики на детето. Покрај ова, документот содржи сеопфатни упатства за обезбедување правна, медицинска, психолошка и друга поддршка; назначување на законски старател; и соодветно сместување на детето.

Слично на тоа, Стандардните оперативни процедури за постапување со ранливи категории лица странци од 2016 година содржат насоки за процедурите што треба да ги спроведат релевантните институции кога постапуваат со мигранти во ризик.[30] Поточно, документот содржи насоки за: идентификација (прв контакт и активна идентификација) и упатување на мигранти во ризик; почетна поддршка и помош (и почетно сместување); обезбедување правна поддршка (и помош за регулирање на нивниот престој во земјата и поднесување барање за азил); интеграција и долгорочна поддршка (и обезбедување долгорочно сместување, здравствена заштита и образование); и процедури за доброволна репатријација.

6.2. Области во кои е потребно понатамошно подобрување

Во септември 2021 година во Министерството за внатрешни работи се изработува нова четиригодишна Стратегија за интегрирано гранично управување со акциски план. Стратегијата ќе ги имплементира новите шенгенски стандарди и се очекува да биде усвоена до крајот на 2021 година.

Согласно Законот за странци (2018), мигрантите може да бидат задржани во Министерството за внатрешни работи најмногу 24 часа за да се спроведе „постапка за отстранување“. Потоа тие се пренесуваат во прифатниот центар за странци, каде што остануваат не подолго од шест месеци во нормални околности и 12 месеци во исклучителни околности. Малолетно лице може да биде префрлено во прифатниот центар само доколку нема друго решение, а времетраењето на престојот треба да биде што е можно пократко.

Нема докази дека постојат програми за олеснување на реинтеграцијата на државјаните што живеат во странство. Врз основа на Законот за организација и работа на органите на државната управа (2000), Агенцијата за иселништво има задача да ги реинтегрира државјаните.[31] Меѓутоа,

[29] Институциите вклучени во спроведувањето на оваа процедура се: Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд, Министерството за надворешни работи, Министерството за правда, Министерството за образование, Министерството за здравство и граѓанските организации.

[30] Институциите вклучени во спроведувањето на оваа процедура се: Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд, Министерството за надворешни работи, Министерството за правда, Министерството за образование, Министерството за здравство, граѓанските организации.

[31] Законот за организација и работа на органите на државната управа беше изменет во 2019 година.

програмите се имплементираат само врз ад хок основа со поддршка на меѓународни организации. На пример, од 2000 година ИОМ спроведува програми за помогнато доброволно враќање и реинтеграција на мигрантите во тесна соработка со Владата.

ПРОТОКОЛИ ЗА ПОДГОТВЕНОСТ И НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИТЕ ОД НОВИОТ КОРОНА-ВИРУС (КОВИД-19)

Во овој прилог наведени се клучните национални политики кои произлегоа како одговор на кризата предизвикана од корона-вирусот во Северна Македонија, а се поврзани со управување со миграцијата. Анексот се заснова врз 12 прашања за Индикаторите за управување со миграција (ИУМ) кои беа додадени на стандардната проценка на ИУМ за Северна Македонија, со цел ефективно да се процени управувањето со миграцијата за време на пандемијата со ковид-19.

Северна Македонија еднаш неделно објавува податоци за бројот на мигранти кои добиле позитивни резултати на тестот за ковид-19. Неделните извештаи на Институтот за јавно здравје го даваат и бројот на странски државјани кои се позитивни за вирусот САРС-КоВ-2; оваа информација не е расчленета по ниеден параметар. Бројот е даден како коментар кон вкупниот број позитивни лица за секој регион одделно и оваа информација е достапна само на македонски јазик.[1]

Северна Македонија, со Уредбата со законска сила за примена на Законот за странци за време на вонредна состојба (2020 година), обезбеди визите за мигранти да не истечат за време на кризата со ковид-19.[2] Уредбата предвидува „странец што престојува краткорочно во Република Северна Македонија со или без виза, да може да остане на територијата на Република Северна Македонија по завршувањето на неговиот или нејзиниот краткорочен престој, односно по истекот на валидноста на краткорочната виза за целото времетраење на вонредната состојба“.[3]

Владата ги продолжи работните дозволи на мигрантите кои вршат одредени суштински услуги. Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за вработување и работа на странци за време на вонредна состојба (2020 година) стои дека „рокот за реализација на услугите што ги даваат странските работници и се поврзани со набавка на стоки и монтажа, одржување и сервисирање на машини и опрема[4] се продолжува за времетраењето на вонредната состојба, како и 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со сила на закон“.[5]

---

1 Институт за јавно здравје, Неделен извештај за состојбата на пандемијата со ковид-19 во Република Северна Македонија 14.09.-20.09.2020 година, 2020 година.

2 Уредбата беше на сила од 22 јуни до 31 август 2020 година, <https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2020/06/izmena-Zakon-za-stranci.pdf>

3 Министерство за внатрешни работи, Уредба со законска сила за примена на Законот за странци за време на вонредна состојба, 2020 година. <https://mvr.gov.mk/zakon/73.>

4 Во период не подолг од 60 дена во една календарска година, чиј рок за реализација е истечен, односно истекува за време на траењето на вонредната состојба.

5 Влада на Северна Македонија, Уредба со законска сила за примена на Законот за вработување и работа на странци за време на вонредна состојба, 2020 година. <https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2020/05/vrabotuvanje-i-rabota-na-stranci.pdf.>

ПРОТОКОЛИ ЗА ПОДГОТВЕНОСТ И НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИТЕ ОД НОВИОТ КОРОНА-ВИРУС (КОВИД-19)

Превентивни и заштитни мерки се преземени и во двата прифатни центри во земјата и во Центарот за баратели на азил. Во 2021 година, со поддршка од ЕУ, привремениот прифатен центар „Винојуг“ беше адаптиран во согласност со протоколите за спречување инфекција со ковид-19. Просториите со вода, за одржување хигиена и санитарните простории беа реновирани, а се поставија и уреди за миење раце пред поединечните единици за сместување.[6] Во 2020 година ИОМ постави порти за дезинфекција во делот за регистрација во центрите „Винојуг“ и „Табановце“ за да го спречи ширењето на ковид-19.[7]

Северна Македонија ги олесни процедурите за донација на дијаспората заради помош во примената на мерките против ковид-19, а повиците за донации се упатени во согласност со Уредбата со законска сила за примена на Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, која ќе се применува за времетраење на вонредната состојба (2020).[8]

---

[6] ИОМ Северна Македонија, Прифатен транзитен центар „Винојуг“ во Гевгелија прилагоден на протоколите за превенција од ковид-19 со поддршка на ЕУ, 2021 година. <https://north-macedonia.iom.int/news/temporary-transit-center-vinojug-gevgelija-adapted-covid-19-infection-prevention-protocols-eu.>

[7] ИОМ Северна Македонија, порти за дезинфекција поставени во прифатните транзитни центри, 2020 година. <https://north-macedonia.iom.int/news/disinfection-gates-installed-temporary-transit-reception-centres.>

[8] Уредба со законска сила за примена на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности за време на вонредна состојба, 2020 година. <https://dejure.mk/zakon/uredba-so-zakonska-sila-za-primena-na-zakonot-za-donacii-i-za-sponzorstva-vo-javnite-dejnosti-za-vreme-na-vonredna-sostojba.>

ГЛАВНИ ИЗВОРИ

Кабинет на министерот без ресор задолжен за дијаспората

2019 Национална стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората 2019 – 2023. <https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategii/strategijaiom.pdf.>

Центар за управување со кризи

2005 Закон за управување со кризи. <https://cuk.gov.mk/files/Zakon-za-upravuvanje-so-krizi.pdf.>

2016 Стандардни оперативни процедури за комуникација, координација и соработка помеѓу субјектите од системот за управување со кризи во прогласена кризна состојба. <https://cuk.gov.mk/files/Standardni%20operativni%20proceduri%20B5%20mkd.pdf.>

Совет на Европа

2017 Обука на обучувачи за трудови инспектори за трговија со луѓе. <coe.int/en/web/skopje/news-on-preventing-and-combatating-thb/-/asset_publisher/fDtNsY6tKRnp/content/training-of-trainers-for-labour-inspectors-on-trafficking-in -хумани-суштества?>

Агенција за вработување

2019 Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во Република Северна Македонија за 2020 година. <https://av.gov.mk/content/Dokumenti/Anketa%20za%20potreba%20od%20vestini%202020%20w.pdf.>

Влада на Северна Македонија

1991 Устав на Република Северна Македонија.

2008 Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија 2008–2015 година. <https://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija_begalci.pdf.>

2014 Национална стратегија за развој на интегрирано гранично управување 2015–2019. <www.igu.gov.mk/files/STRATEGY.pdf.>

2015а Уредба за прогласување на Законот за ратификација на договорот за социјално осигурување помеѓу Република Северна Македонија и Република Словачка. <www.mtsp.gov.mk/content/pdf/Dogovor%20MK%20i%20Slovacka.pdf.>

2015б Резолуција за миграциската политика 2015–2020. <https://north-macedonia.iom.int/sites/nomace/files/documents/Resolution-on-Migration-Policy.pdf.>

2017 Уредба за определување квота за работни дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територијата на Република Македонија во 2017 година. <https://dejure.mk/zakon/odluka-za-opredeluvanje-na-kvota-za-rabotni-dozvoli-za-stranci-koi-mozhat-da-bidat-rabotno-angazhirani-na-teritorijata-на-република-Македонија-за--2017.>

2021 Програма за задолжителна имунизација на населението во Северна Македонија 2021 година. <https://dejure.mk/zakon/programa-za-zadolzhitelna-imunizacija-na-naselenieto-vo-republika-severna-makedonija-za-2021-godina.>

Без датум Конвенции за социјално осигурување. <www.mtsp.gov.mk/dogovori-za-socijalno-osiguruvanje.nspx.>

Без датум Предлог-стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија 2017–2027 година. <https://mtsp.gov.mk/predlog-zakoni1.nspx.>

Без датум Список на билатерални договори за социјално осигурување, кои се во сила и се применуваат. <www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2020/24.7-%D0%BB%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B02020.pdf.>

Фонд за здравствено осигурување

2000 Закон за здравствено осигурување.

Министерство за одбрана

Без датум Цивилна заштита. <https://portal.cor.europa.eu/divisionpowers/Pages/Macedonia-Civil-protection.aspx.>

Министерство за образование и наука

1995 Закон за средно образование. <https://mon.gov.mk/page/?id=2055.>

2006 Закон за стручно образование и обука. <https://mon.gov.mk/download/?f=Zakon%20za%20strucno%20obrazovanie%20i%20obuka.pdf.>

2016 Референтен извештај на македонската рамка за квалификации и самосертификација за QF-EHEA. <https://europa.eu/europass/system/files/2020-06/North%20Macedonian%20Referencing%20Report%20.pdf.>

2019 Закон за основно образование. <https://mon.gov.mk/page/?id=2055.>

Министерство за животна средина и просторно планирање

2008 Предлог Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија 2009–2030 година: Дел 2.

2010 Предлог Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија 2009–2030 година: Дел 1. <https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategii/MZHSPP/nacionalna-strategija-za-odrzliv-razvoj-vo-rsm.pdf.>

Министерство за надворешни работи

2006 Закон за надворешни работи. <https://dw3yoh98rrrmk.cloudfront.net/fa58129333dd4d5183f8f8685d7451d1.pdf.>

2016 Правилник за внатрешна организација на Министерството за надворешни работи. <https://dw3yoh98rrrmk.cloudfront.net/f80cac2573ea4caca32c8e8375653a88.pdf.>

Министерство за здравство

2007 Закон за безбедност и здравје при работа.

2017 План за подготвеност и одговор при кризни состојби и катастрофи. <http://iph.mk/wp-content/uploads/2017/08/Plan-za-podgotvenost-i-odgovor-pri-krizni-sostojbi-i-katastrofi.pdf.>

Министерство за внатрешни работи

1992 Закон за државјанство на Република Македонија. <https://mvr.gov.mk/zakon/11.>

2010 Закон за гранична контрола. <https://mvr.gov.mk/Upload/Documents/Zakon%20za%20granicna%20precisten.pdf.>

2018а Закон за странци. <www.refworld.org/docid/44b2668a4.html.>

2018б Закон за меѓународна и привремена заштита. <www.refworld.org/docid/5b55e5de4.html.>

Министерство за информатичко општество и администрација

Без датум Илегални мигранти. <https://data.gov.mk/en/dataset/njierajihn-mnrpahtn-od-2010-do-2017-rodnha.>

Министерство за труд и социјална политика

2003 Билатерален договор за социјално осигурување меѓу Македонија и Бугарија.

2005 Закон за работни односи.

2012а Закон за пензиско и инвалидско осигурување.

2012б Закон за испраќање работници од Република Македонија во други земји за градежни работи преку договори за проекти и за вршење на други сезонски работи. <https://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/zakon_upatuvanje_sezonski.pdf.>

2015а Закон за вработување и работа на странци. <www.refworld.org/pdfid/54edeb364.pdf.>
2015б Национална стратегија за вработување на Република Македонија 2016 – 2020 година.
2016 Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2016 – 2020 година.
2018 Закон за приватните агенции за вработување. <https://partner.com.mk/images/stories/dokumenti/zakon_za_privatnite_agencii.pdf.>
2019а Закон за спречување и заштита од дискриминација. <www.refworld.org/pdfid/5aa12ad47.pdf.>
2019б Закон за социјална заштита. <www.refworld.org/docid/5d35ac027.html.>

Национален комитет за борба против трговија со луѓе и илегална миграција
2015 Стандардни оперативни процедури за постапување со непридружувани деца – странци. <http://nacionalnakomisija.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/SOP-za-postapuvanje-so-nepridruzuvani-deca-stranci.pdf.>
2016 Стандардни оперативни процедури за обработка на ранливи категории лица – странци. <http://nacionalnakomisija.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/SOP-za-postapuvanje-so-ranlivi-kategorii-lica-stranci.pdf.>
2019 Годишен извештај на Националниот известувач. <http://nacionalnakomisija.gov.mk/mk.>
Без датум Национална стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија 2017 – 2020. <http://nacionalnakomisija.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/Nacionalna-strategija-i-akciski-plan-za-borba-protiv-trgovija-so-lugje.pdf.>

Совет за регионална соработка
Без датум Мобилност – Слободно движење на луѓе и работна сила. <www.rcc.int/priority_areas/14/mobility.>

Државен завод за статистика
Без датум База на податоци. <http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/.>

Единствен национален електронски регистар на прописи на Северна Македонија
2000 Закон за организација и работа на органите на државната управа. <https://ener.gov.mk/files/propisi_files/documents/371_1123861591%D0.pdf.>

Амбасада на Катар во Скопје – Република Северна Македонија
Без датум Потпишани договори. <https://skopje.embassy.qa/en/macedonia/qatar--macedonian-relations.>

ПРИЛОГ

МиГОФ: Рамка за управување со миграцијата[32]

Во обид да го дефинира концептот на „планирани и добро управувани миграциски политики“, Меѓународната организација за миграции (ИОМ) изработи Рамка за управување со миграцијата (МиГОФ), која беше одобрена од Советот на ИОМ во ноември 2015 година. За потребите на Рамката за управување МиГОФ, ИОМ го дефинира управувањето како „традиции и институции преку кои се остваруваат управувањето со миграцијата, мобилноста и националната припадност во една земја, вклучувајќи го и капацитетот на владата ефективно да формулира и да имплементира добри политики во овие области“.

Рамката ги поставува суштинските елементи за „добро управувани миграциски политики“ - 3 начела и 3 цели што, доколку се почитуваат и се исполнуваат, ќе обезбедат хумана, безбедна и уредна миграција и ќе обезбедат бенефициии како за мигрантите, така и за општеството. Ставот на ИОМ е дека системот за миграција промовира хумана и уредна миграција и човечка мобилност, која им користи и на мигрантите и на општеството:

Кога тој се:

(i) Придржува кон меѓународните стандарди и исполнување на правата на мигрантите;
(ii) Формулира политики со користење докази и учество на целата влада (пристап на цела влада);
(iii) Работи со партнери за справување со миграцијата и со поврзаните предизвици.

И се обидува да ја:

(i) Унапреди социоекономската благосостојба на мигрантите и општеството;
(ii) Ефективно се осврнува на димензиите на мобилноста во време на кризи;
(iii) Обезбедува миграцијата да се одвива на безбеден, уреден и достоинствен начин

МиГОФ не создава нови стандарди или норми. При подготвувањето на Рамката, ИОМ ја користи својата експертиза и аналитичка работа и се потпира на постојните обврски, необврзувачки декларации и изјави. МиГОФ не се однесува на глобалното управување со миграциите, кое претставува меѓународна основа за справување со прашањата поврзани со миграцијата и мобилноста на луѓето. Наместо тоа, фокусот е на управувањето со миграцијата од гледна точка на државата како примарен актер. МиГОФ не предлага еден модел за сите држави. Рамката претставува „добар пат“ или идеална верзија на управувањето со миграцијата, кон која државите може да се стремат.

МиГОФ се засновува на разбирањето дека, како примарен чинител во миграцијата, мобилноста и националната припадност, државата го задржува своето суверено право да определи кој влегува и останува на нејзината територија и под какви услови, во рамките на меѓународното право. Другите актери – граѓаните, мигрантите, меѓународните организации, приватниот сектор, синдикатите, невладините организации, верските организации и академијата - придонесуваат кон доброто управување со миграцијата преку нивната интеракција со државата и преку меѓусебната интеракција.

[32] Совет на ИОМ, Рамка за управување со миграција, 106-та седница, C/106/40 (4 ноември 2015 година). Достапно на https://governingbodies.iom.int/system/files/en/council/106/C-106-40-Migration-Governance-Framework.pdf.

Процесот на ИУМ

1 Почнување на процесот на ИУМ

Првиот чекор од процесот вклучува објаснување на клучните владини претставници што е ИУМ, со цел да се обезбеди негово целосно разбирање и прифаќање.

2 Собирање податоци

Вториот чекор од процесот вклучува собирање и анализа на податоци, базирани на околу 90 индикатори распределени во 6-те подрачја на МиГОФ. Потоа се подготвува профил за управување со миграцијата базиран на анализата на наодите, кој се споделува со владините институции.

3 Меѓуресорска консултација

Третиот чекор од процесот вклучува консултации со владините институции, каде што сите релевантни министерства и други засегнати страни ќе дискутираат за добрите практики и за главните области што би можеле понатаму да се развијат, идентификувани во нацртот на профилот на управување со миграцијата, како и разгледување на приоритетите за подобрување на миграциското управување во иднина. Во овој процес, институциите имаат можност да ги дадат своите коментари и предлози за нацртот на профилот.

4 Извештај

Откако профилот за управување со миграцијата ќе се финализира и ќе се провери од националните институции, се објавува на Глобалниот портал за податоци за миграции[33] и се поставува на Платформата за публикации на ИОМ.[34]

[33] Профилите може да ги најдете на https://migrationdataportal.org/overviews/mgi#0.
[34] Ве молиме погледнете https://publications.iom.int/.

www.migrationdataportal.org/mgi

@IOM

@UNmigration

@UNmigration

MGI@iom.int

IOM
UN MIGRATION